**ИЗВРШИТЕЛ** **Образец бр.66**

**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница** **И.бр.1030/21**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

Извршителот **Славе Дончев од Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Стопанска Банка АД Скопје преку полн.адв.Вера Јосифова од Скопје** со седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната извршните исправи ОДУбр.499/14 од 17.06.2014 година; ОДУ бр.217/19 од 12.03.2019 година; ОДУ бр.974/19 од 27.12.2019 година на Нотар Богданка Димитровска, против **должникот-заложниот должник Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево** со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40, за спроведување на извршување во вредност 135.714.625,00 ден., на ден 04.08.2023 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Недвижен имот запишан во Имотен Лист.бр. бр. 10501 при АКН Делчево за КО Делчево со следните ознаки:

Лист В:

- КП.бр. 7125 дел 1, ул. М.М. БРИЦО 44, број на зграда 6, Намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем О, влез 1, кат ПР, Намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина 549 м2, сопственост
  **Износ од 6.531.300,оо денари**

сопственост на **должникот-заложниот должник Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево** со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40.

Продажбата ќе се одржи на ден 30.08.2023 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.54/2,Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 1030/21 од 19.10.2022 година, а намалена на предлог на доверителот изнесува 6.531.300,оо денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Залог во корист на доверителот.

Данокот на промет и други такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓа на товар на купувачот.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

ИЗВРШИТЕЛ СЛАВЕ ДОНЧЕВ

Д.-на: Должник-заложен должник

Доверител

Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.